**20252364584**

## АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

Врз основа на член 28 став 8 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 150/2021, 227/2022, 284/2023, 224/2024 и 37/2025), Комисијата како орган на Агенцијата за пошти на состанокот одржан на 18.11.2025 година го донесе, следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ПОЕНИ И НА ВРЕДНОСТА НА ПОЕНОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ НАДОМЕСТОК

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот кои служат за пресметување на годишниот надоместок.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следново значење:

- обем претставува нумерички показател за број на остварени поштенски услуги на давателот во текот на 12 последователни месеци
- број на поени е нумерички израз кој Агенцијата му го констатира на секој давател на поштенски услуги и служи за пресметување на неговиот годишниот надоместок,
- поштенски пратки до 2 кг се писма со тежина до 2 кг кои содржат документи и друга пишана содржина, како и каталози,весници и списанија без оглед на тежината,
- препорачани услуги се поштенски услуги за препорачано писмо со тежина до 2 кг кое содржи документи и друга пишана содржина, со или без повратен доказ за достава,
- услуги за вредносни пратки се поштенски услуги за писма и пакети со означена вредност
- поштенски пратки над 2 кг се писма кои содржат документи и друга пишана содржина со тежина над 2 кг.,
- закон е Законот за поштенските услуги,
- Агенцијата е Агенцијата за пошти,
-пазарен удел е дел изразен во проценти од вкупниот обем на остварени поштенски услуги на поштенскиот пазар во државата, кој му припаѓа на еден или на повеќе даватели на поштенски услуги или на давателот на универзална услуга, во одреден временски период,
-договорна пошта е правно лице (застапник, агент или подизведувач) кое врз основа на договор склучен со давател на поштенски услуги или со давателот на универзална услуга (натаму давател), обезбедува поштенски услуги или дел од услугите на одредено географско подрачје исклучиво во име и за сметка на давателот, во замена за паричен надомест кој го добива од давателот изразен како процент од цената на поштенската услуга. Договорна пошта која во просторија, возило или курир не користи лого, назив, адресници, ИД обележување на пратка, софтвер за евиденција на услуги и организација на работа на лиценциран давател и/или која користи свој фискален апарат за наплата на поштарина во готовина и/или издава ф-ри за извршени поштенски услуги кон испраќачи/примачи на поштенски пратки, не се смета за договорна пошта, подлежи на лиценцирање согласно закон и на плаќање на годишен надоместок. Правно лице франшизат, кое обезбедува поштенски услуги под франшиза на давател на поштенски услуги не се смета за договорна пошта, подлежи на лиценцирање согласно закон и на плаќање на годишен надоместок.

Член 3

Давателот на универзална услуга и давателот на поштенски услуги (натаму давателот) за календарската годината во која обезбедуваат поштенски услуги врз основа на издадена индивидуална дозвола или општо овластување, се должни да плаќаат годишен надоместок на Агенцијата за пошти, на начин и во рок пропишани со закон и со овој правилник.

Годишниот надоместок, давателот го плаќа на годишно ниво без оглед на временскиот интервал од годината во кој ја поседува дозволата или општото овластување, врз основа на решение за годишен надоместок издадено од директорот на Агенцијата.

Во календарската година во која прв пат се стекнува со индивидуална дозвола или општо овластување, давателот плаќа годишен надоместок во рок определен во решението за годишен надоместок за таа година.

Давателот на универзална услуга и давател на поштенски услуги (натаму давател) за календарската годината во која обезбедуваат поштенски услуги врз основа на индивидуална дозвола или општо овластување, како и подносител на нотификација, договорна пошта и правно лице кое врши поштенски услуги без општо овластување, се должни да плаќаат и за трошоците за работа на Агенцијата за извршување на нејзините надлежности пропишани со закон, на начин и во рок утврдени со овој правилник.

За трошоците за работа на Агенцијата за извршување на нејзините надлежности пропишани со закон како и за начин и рок на плаќање Комисијата донесува посебно упатство за плаќање трошоци- трошковник.

Член 4

Висината на годишниот надоместок од член 3 од овој правилник се пресметува како производ од бројот на поени и вредноста на поенот.

Агенцијата го констатира бројот на поени за секој давател на поштенски услуги поединечно откако претходно го утврдила обемот на остварени поштенски услуги за тој давател.

Вредноста на поенот за обезбедување универзална услуга и вредноста на поенот за обезбедување поштенски и курирски услуги на слободен пазар врз основа на општо овластување ги определува Комисијата на Агенцијата со одлука во тековната година со важност за следната календарска година.

Член 5

Бројот на поени за секој давател на поштенски услуги Агенцијата го пресметува како збир на поените кои се пропишани со законот и со овој правилник.

Бројот на поени за давателот на универзална услуга во фиксен износ е пропишан со законот.

Член 6

Агенцијата го пресметува бројот на поени поединечно за секој давател на поштенски услуги земајќи ги во предвид обемот на остварени поштенски услуги, како и видот на пратки, видот на услуги, и географско подрачје за чие обезбедување му е издадено општо овластување.

Член 7

Бројот на поени за остварен обем на услуги на годишно ниво за поштенски пратки до 2 кг. во внатрешен поштенски сообраќај, изнесува:

1. 20 поени за обем до 5.000,
2. 35 поени за обем од 5.000 до 10.000,

3. 50 поени за обем поголем од 10.000.

Бројот на поени за остварен обем на услуги на годишно ниво за пакети до 10 кг. во внатрешен поштенски сообраќај, изнесува

1. 20 поени за обем до 5.000,
2. 35 поени за обем од 5.000 до 10.000,
3. 50 поени за обем поголем од 10.000.

Член 8

Бројот на поени за вид на пратки, вид на услуги и географско подрачје за кое му е издадено општо овластување е пропишан со закон и изнесува:

Дополнителни 10 поени, за издадено општо овластување за обезбедување вредносни и/или препорачани услуги во внатрешен поштенски сообраќај за поштенски пратки до 2 кг.

Дополнителни 10 поени, за издадено општо овластување за обезбедување поштенски услуги во внатрешен поштенски сообраќај за поштенски пратки над 2 кг.,и/или пакети над 10 кг.

За издадено Општо овластување за обезбедување поштенски услуги во меѓународен поштенски сообраќај на давател на поштенски услуги му се пресметуваат и:

- 25 поени за меѓународни поштенски услуги за поштенски пратки до 2 кг,
- 25 поени за меѓународни поштенски услуги за пакети до 10 кг и
- 5 поени за меѓународни поштенски услуги за поштенски пратки над 2 кг и/или пакети над 10 кг.

Член 9

Давателот на поштенски услуги е должен редовно на секои шест месеци да доставува до Агенцијата податоци за обемот на остварени поштенски услуги.

За утврдување на обем на остварени поштенски услуги на годишно ниво во смисла на член 7 од овој правилник, Агенцијата го зема во предвид обемот прикажан во извештаите од давателот за временски период од 01.07 претходната година до 30.06. тековната година, освен кога со овој правилник е поинаку пропишано.

Во случај давателот на поштенски услуги да не достави шестмесечен извештај за остварен обем на услуги во определениот рок се смета дека се согласил бројот на поени за следната година да му се пресметува како да остварил обем на услуги поголем од 10.000 за поштенски пратки до 2 кг., односно поголем од 10.000 за пакети до 10 кг.

Член 10

Годишниот обем на давателот на поштенски услуги за календарската година во која за прв пат му е издадено општо овластување, се смета дека изнесува до 5.000 за поштенски пратки до 2 кг, односно до 5.000 за пакети до 10 кг.

Годишниот обем на давателот на поштенски услуги за календарската година која следи по годината во која работел помалку од шест месеци континуирано, се смета дека изнесува до 10.000 за поштенски пратки до 2 кг, односно до 10.000 за пакети до 10 кг.

Член 11

Агенцијата го пресметува бројот на поени за давателот на поштенски услуги, го констатира со заклучок и заклучокот го испраќа до давателот.

Бројот на поени констатиран со заклучокот, давателот на поштенски услуги може да го оспори заедно со решението за годишен надоместок, согласно законот.

Врз основа на бројот на поени за давателите на поштенски услуги констатирани со заклучоци и фиксниот износ на бројот на поени за давателот на универзална услуга, Агенцијата изготвува извештај за број на поени за даватели на поштенскиот пазар во тековната година.

Податоците за бројот на поени од извештајот од став 3 од овој член се основа за планирање на приходите од годишен надоместок од даватели во финансискиот план на Агенцијата за следната година и за определување на вредноста на поенот за следната година.

Член 12

Вредноста на поенот се определува откако ќе се утврди бројот на поени за даватели на поштенскиот пазар во тековната година.

Вредноста на поенот кој служи за утврдување на годишниот надоместок за давателот на универзална услуга и вредноста на поенот кој служи за утврдување на годишниот надоместок за давателите на поштенски услуги може да се разликуваат. Разликите во двете вредности на поените произлегуваат од планираните трошоци за практикување на надлежностите на Агенцијата во следната календарска година кон давателот на универзалната услуга и кон давателите на поштенски услуги, соодветно на нивните пазарни удели во поштенскиот пазар во односната година.

Комисијата на Агенцијата за пошти може покрај пазарните удели од став 2 од овој член, дополнително да примени и други релевантни критериуми за пропорционална распределба на трошоците меѓу категориите даватели (со индивидуална дозвола и со општо овластување) која распределба во финансискиот план најдобро ги одразува приоритетните цели и потреби за регулација, испланирани во годишната програма за следната календарска година. Под други релевантни критериуми се сметаат обемот и сложеноста на регулаторниот надзор, обврски кои произлегуваат од следење на статусот на универзалната услуга, трошоци за мониторинг, следење и контрола на давателите со општо овластување, специфичностите на поштенскиот пазар и јавниот интерес.

За утврдување на пазарните удели на давателите во тековната година во смисла на став 2 од овој член Агенцијата го зема во предвид обемот на остварени поштенски услуги прикажан во шестмесечните извештаите од давателите, за временски период од 01.07 претходната година до 30.06. тековната година.

Агенцијата за пошти секоја година изготвува извештај со обработени податоци за состојбата на поштенскиот пазар во државата кој опфаќа податоци за вкупниот обем и структура на остварени поштенски услуги и за пазарните удели на давателите во тековната година, и најдоцна до 15 ноември извештајот го објавува на својата веб-страница.

Вредноста на поенот за утврдување на годишниот надоместок за давателот на универзална услуга се пресметува на начин што износот на контото 75001 – сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите со индивидуална дозвола, од финансискиот план на Агенцијата, се дели со бројот на поени за давателот на универзална услуга.

Вредноста на поенот за утврдување на годишниот надоместок за даватели на поштенски услуги се пресметува на начин што износот на контото 75002 – сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги со општо овластување, од финансискиот план на Агенцијата, се дели со вкупниот број на поени за даватели на поштенски услуги со општо овластување констатиран со извештајот од член 11 став 3 од овој правилник.

Комисијата на Агенцијата за пошти на годишно ниво со одлука ја определува вредноста на поенот за следната календарска година.

Одлуката за определување на вредноста на поенот од претходниот став на овој член е составен дел на годишната програма за работа на Агенцијата за пошти.

Одлуката за вредноста на поенот содржи образложение за причините на кои е заснована и за целите кои се планира да се постигнат во наредната година.

Член 13

По одобрување на годишната програма за работа од Собранието на Република Северна Македонија и по објавување на одлуката за определување на вредноста на поенот во Службен весник, директорот донесува решение за утврдување на износот на годишен надоместок со кој се задолжува давателот.

Решението задолжително содржи и образложение за начинот на утврдување на висината на годишниот надоместок.

Член 14

Заклучоците од членот 11 од овој правилник со кои се констатира бројот на поени за секој од давателите на поштенски услуги за 2026 година, Агенцијата за пошти ќе ги изготви и достави до давателите во рок од 1 месец од влегувањето во сила на овој правилник.

Извештајот за пазарните удели од членот 12 од овој правилник, во 2025 година, Агенцијата за пошти ќе го изготви  и објави на веб страната во рок од 1 месец од влегувањето во сила на овој Правилник.

Член 15

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок („Службен весник на Република Македонија“ број 167/2010, 31/2013 и 155/2017).

Член 16

Овој правилник влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-331/4
18 ноември 2025 година
Скопје

Комисија на Агенција за пошти
Претседател,
**Душан Бекриќ**, с.р.